ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА –

Оддел за административни и помошно-технички работи

Република е Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа
Enti publik qendrandërkomunale për punë sociale e qytetit
Бр.-Nr. 1301-4299/1
08.08.2025 год.-vit/e.
Куманово - Kumanovë

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот , поднесено по е-меил на ден 07.08.2025г., имателот на информацијата ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:
1. Колкав е бројот на правници, вработени во секој ЦСР во моментов? Ве молиме податоците да бидат доставени за секој ЦСР поединечно.
2. Колкав е бројот на правници, вработени во секој ЦСР во период од јануари 2023 до јуни 2025. Ве молиме податоците да бидат доставени по центар и по година.
3. Која е улогата на правниците во процесите поврзани со службеното старателство?

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од , имателот на информацијата ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово согласно член 24 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/2019),

Ви ја доставува информацијата:

1. Во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово вкупен број на правници во моментов е 11 (единаесет).
2. Во текот на 2023 година во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово се вработени 2 (два) правника, додека во текот на 2024 година е вработен 1 (еден) правник. Во 2025 година во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово нема вработено правници.
3. Улогата на правниците во процесите поврзани со старателство по службена должност е од исклучителна важност. Тие се грижат за законитоста на постапките, правичноста на процесите и обезбедување на правна сигурност и хуман третман. Правниците имаат должност да ги почитуваат принципите на најдобар интерес на детето и човековите права, да обезбедуваат правна помош или информации на лицето под старателство, учествуваат во постапки за лишување или враќање на деловна способност, подготвуваат документација, застапуваат на рочишта, предлагаат докази. Правникот во процесите со службено старателство е клучен чинител во правната заштита на најранливите категории на граѓани.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово на ден 08.08.2025 година.

По овластување на В.Д. Директор
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Јелена Спасевска Митевска

Оддел за административни и помошно-технички работи

Датум: 08.08.2025 год.
Архивски бр. 1301-4299/2

ДО:

ПРЕДМЕТ: Одговор на барањето од службеното лице за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

**Врз основа на Вашето барање на информацијата, согласно член 8 став 3** од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија,, бр.101/2019), и процедурата за постапување по прием на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви доставуваме информација по Барањето доставено до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово од лицето

**Забелешка:** ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово Ви доставува одговор на барање поднесено по е-меил.

Во Прилог:
Решение со одговор на Ваше барање

Одговорна служба/ лице

Јелена Спасевска Митевска